**8.10.2021-Петок**

## НАСТАНИ




**Утре, светскиот патник Куферко ќе пристигне и во Гевгелија**

Утре, 9 октомври, во Големата сала на Народниот театар, со почеток во 18:00 часот, пред најмладата гевгелиска публика ќе биде одиграна театарската претстава „Куферко, светскиот патник од Македонија“, во режија на Трајко Јордановски, а по текст од истоимената книга на м-р Симона Ристевска. Во претставата играат: Билјана Дабеска, Билјана Бајевска, Невен Силјановски, Мартина Аврамовска, Симона Јовчевска, Агим Бафтии и Маја Стојанова. Низ актерската игра, преку патувањата на малиот љубопитен Куферко, децата ќе се запознаат со неговиот волшебен свет и посетите на значајни места во државата, а ќе го го збогатат знаењето за разновидноста на нивната татковина.

- Куферко, светскиот патник од Македонија, е мало и љубопитно, темпераментно срамежливо куферче, олицетворение на децата или на детето кое постои во секој од нас. Тој е симбол и спој на македонската традиција и историја, јазикот и културата, хуманоста и етиката. Нашиот верен и искрен другар, кој на лесен и забавен начин ќе не воведе во неговите секојдневни активности и лудории, преку дестката игривлост и наивност и на позитивен начин ќе не воведе во својот волшебен свет, вели Симона Ристевска, за својот лик од нејзината книга.

Настанот е во организација на ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија по повод одбележувањето на Светската недела на детето.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**8.10.2021-Петок**

## ИНФОРМАЦИИ



### Со доделениот грант од Светска банка ќе се градат "Јужната улица" и улицата "Кожув"

„Продолжува реализацијата на Програмата за уредување на патишта со доделениот грант од Светска банка за Општина Гевгелија, во износ од 900.000 евра", беше констатирано на вчерашната средба на министерот за транспорт и врски, Благој Бочварски, кој престојуваше во работна посета на Гевгелија и градоначалникот на Општина Гевгелија, Сашо Поцков. Од овој грант веќе се реконструира улицата „Методија Андонов Ченто" во Мрзенци, во рамките на втората фаза од реализацијата на оваа програма на Министерството за транспорт и врски на РСМ.

На третиот повик за користење на преостанатите средства од доделениот грант, Општина Гевгелија ќе аплицира со два капитални проекти за изградба на две значајни сообраќајници во Гевгелија. Изградба на „Јужната улица", долж крајбрежјето на Сува Река, од поранешна Касарна до Железничкиот мост, со што ќе се обезбеди сообраќајна врска на граѓаните кои живеат во северниот и во јужниот дел од градот. Покрај ова, ќе се создадат услови за рекреација бидејќи со проектот е предвидена посебна велосипедска лента. Со реализацијата на овој зафат ќе се обезбеди целосна сообраќајна заобиколница околу Гевгелија, односно поврзување на Западниот булевар со Јужниот булевар.

Со изградбата на улицата „Кожув" во Гевгелија ќе се обезбеди алтернативен пат за пристап до Детската градинката „Сончогледи", со што ќе се намали сообраќајната фреквенција на улицата „Ристо Јанев", поточно на влезот пред градинката. Изградбата на оваа улица е посебно значајна ако се има предвид дека наскоро ќе започне доизградбата на Градинката „Сончогледи ".

Министерот Бочварски и градоначалникот Поцков извршија увид на изведбените работи на улицата „Методија Андонов Ченто " во Мрзенци, каде што се врши целосна реконструкција на оваа значајна сообраќајница. За реализација на овој проект, од доделениот грант од Светска банка за Општина Гевгелија, се издвоени 10 милиони денари.



# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ДНЕВЕН БИЛТЕН

ISO 9001
Q-1441

**8.10.2021-Петок**



## 52 социјални станови ќе бидат готови до април, идната година

Министерот за транспорт и врски, Благој Бочварски, вчера оствари работна посета на општина Гевгелија, каде изврши увид во реализација на инфраструктурни проекти што се градат во општината со поддршка на централната власт. Тој заедно со директорот на АД за стопанисување со станбен и деловен простор, Кристијан Трајковски и градоначалникот на општина Гевгелија, Сашо Поцков, извршија увид во изградбата на социјалната зграда, каде што 70% од градежните работи се веќе завршени.

„Се грижиме за најранливите категории на граѓани. Тука сме денес на увид во изградбата на социјалната зграда, која убеден сум дека ќе го реши станбеното прашање на 52 социјално-ранливи семејства во Гевгелија.  Вложуваме 79 милиони денари за изградба на овие станови, очекувам до април 2022 година зградата да биде завршена и да ги прими своите први станари“- изјави за медиумите министерот за транспорт и врски Благој Бочварски.

„Преку проектот за Поврзување на локални патишта, во населеното место Мрзенци моментално ја реконструираме улицата „Методија Андонов Ченто“, значаен проект за локалните жители каде инвестираме речиси 10 милиони денари. Дополнително, сакам да најавам дека во тек е подготовка на тендерска документација за реконструкција на водоводни и канализациони линии во општина Гевгелија, инвестиција вредна повеќе од 138 милиони денари. Наш приоритет се граѓаните и фокус ставаме токму на нив и на нивните потреби. Секој еден граѓанин ни е важен и така ќе продолжиме и понатаму.“ - истакна министерот Бочварски.

Директорот на АД за стопанисување со станбен и деловен простор Кристијан Трајковски истакна дека во моментот се градат преку 700 социјални станови во државата.

„Очекувам во текот на наредната година, овој објект да го предадеме на Министерството за транспорт и врски и да започне постапката за распределба на сите овие станови кои се потребни на нашите граѓани од социјално-загрозена категорија.





Она што можам да го потенцирам е дека Владата на Република Северна Македонија, заедно со Министерството за транспорт и врски, останува силно посветена на решавањето на проблемите на граѓаните и изградба на сите оние станбени единици кои се предвидени во иднина. Сакам да најавам дека во следниот период АД за стопанисување со станбен и деловен простор ќе се фокусира и на изградба на комерцијални станбени згради со што ќе понудиме нови станови со поволни цени на пазарот.“- изјави Трајковски.

Градоначалникот на Општина Гевгелија, Сашо Поцков, изрази задоволство од досегашната соработка со Министерството за транспорт и врски и АД за стопанисување со станбен и деловен простор.

„Бенефитите од оваа соработка се веќе видливи бидејќи веќе наредната година 52 социјално-загрозени семејства ќе добијат покрив над главата. Граѓаните на Мрзенци ќе добијат модерна сообраќајница во населеното место, чија изведба веќе е во тек. За доделениот грант од Светска банка преку Министерството за транспорт и врски аплицираме со уште два проекти за подобрување на патната инфраструктура. Реализацијата на овие нови сообраќајници во Гевгелија ќе уследи во наредните четири години, рече Поцков.

Инвеститор на социјалните станови во Гевгелија е АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор, а изведувач на градежните работи е ДПТУГУ „Атриум“ ДОО узов-извоз Вевчани.



**8.10.2021-Петок**



## 112 пожарникари, меѓу кои и од ТППЕ- Гевгелија, ќе добијат комплетна заштитна опрема за шумски пожари

Преку проект „Прекугранична соработка во справување со шумски пожари " во рамки на Програмата за прекугранична соработка Р. Бугарија- Р. Северна Македонија 2014-2020 година, 112 пожарникари од Југоисточниот плански регион ќе добијат специјализирана лична заштитна опрема за шумски пожари, а истиот се реализира како резултат на анализата која покажа дека ниту една противпожарна единица во овој регион не поседува одела за пожарникарите наменети за шумски пожари, беше истакнато на прес-конференцијата која ја одржа Центарот за југоисточниот плански регион во Струмица. На која проектниот тим заедно со директорката на Центарот, г-ѓа Жулиета Ѓуркова и со претставник од Територијалната противпожарна единица-Струмица, ги презентираа активностите и очекуваните резултати со цел подетално запознавање на јавноста која е целта на проектот и кои бенефити се очекуваат од истиот.

„Нашата цел и нашата идеја е да бидат рамо до рамо со сите европски пожарникари, да ја имаат комплетната опрема да можат да одговорат. Тие се способни, ги имаат сите вештини, обучени се, меѓутоа треба да имаат соодветна опрема и соодветно да бидат облечени за да бидат ефикасни." - посочи Ѓуркова.

За пожарникарите, набавката на новата опрема е многу значајна бидејќи со неа ќе се овозможи многу поголема ефикасност за време на интервенциите во шума, а истовремено ќе се зголеми нивната безбедност, истакна г-дин Ристо Јанакиев - претставник на ТППЕ- Струмица и додаде дека со опремата тие значително ќе се приближат до стандардите на Европската Унија.

На прес-конференцијата преку кратка презентација, од страна на проектниот тим беа информирани новинарите и за останатите активности кои се планирани во рамките на овој проект, а тоа се формирање на прекугранична мрежа за превенција и одговор од природни и еколошки опасности кои настануваат од шумските пожари, организација на шест специјализирани обуки за дел од претставниците на Територијалните противпожарни единици и волонтерските здруженија со меѓународно сертифицирани обучувачи, промоција и подигање на јавната свест за поттикнување на волонтеризмот во справување со пожари како и спречувањето на шумските пожари.

Проектот е предвиден да трае 24 месеци.




ISO 9001
Q-1441

**8.10.2021-Петок**



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk